**20161202935**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за полиција,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2016 година.

Бр. 08-3023/1
29 јуни 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА

Член 1

Во Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 114/2006, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16 и 106/16), членот 17 се менува и гласи:

„За вршење на полициски работи за кои е потребен висок степен на специјализација како и потреба од ефективно и економично извршување на одредени специфични и сложени задачи за целата територија на Република Македонија, за потребите на секторите за внатрешни работи и регионалните центри за гранични работи, во рамките на Бирото за јавна безбедност се формираат организациски единици во кои се извршуваат работите од областа на криминалистичката полиција, униформираната полиција, граничната полиција, специјалните полициски операции, како и други работи утврдени со закон.“.

Член 2

Во членот 18 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„(1) Во Бирото за јавна безбедност, како дел од криминалистичката полиција функционира организациска единица за сузбивање на организиран криминал, надлежна за спречување и откривање на:“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.